OPEN BUDGET SURVEY 2021

# Северна Македонија

## Преглед

Транспарентност:

**36** /100

(Индекс на отворен буџет-поени)

Учество на јавноста:

**6** /100

Надзор над Буџетот:

**54** /100

# За истражувањето

Одлуките за националниот Буџет - какви даноци да се наплаќаат, какви јавни услуги да се обезбедат и колкав долг да се превземе - влијаат на благосостојбата на граѓаните. Клучно е владите да ја информираат и вклучат јавноста за овие витални одлуки кои влијаат врз нивните животи и на тој начин да се осигура трошењето на јавни средства да биде во име на јавниот интерес.

**Анкетата за Отворен Вуџет (Open Budget Survey- OBS)** е единствениот независен, компаративен и врз основа на факти базиран инструмент за истражување кој користи меѓународно прифатени критериуми за проценка на пристапот на јавноста до информациите за Буџетот на централната власт; формални можности јавноста да учествува во процесот на донесување на националниот буџет; и улогата на институциите во надзорот на Буџетот, како што е законодавната власт и ревизијата на буџетскиот процес.

Истражувањето му помага на граѓанско општество да направи проценка и да ја советува Владата во врска со известувањето кон јавноста и за употребата на јавните средства. Ова осмо издание на OBS опфаќа 120 земји.

Посетете ја www.internationalbudget.org/open-budget-survey за повеќе информации, вклучително и целосната методологија на OBS, Глобалниот извештај за 2021 година, наодите за сите испитани земји и Истражувачот на податоците.

International Budget Partnership

# Транспарентност

Овој дел од OBS го мери пристапот на јавноста до информации за тоа како централната власт ги собира и троши јавните ресурси. Тој ја проценува достапноста на интернет, навременоста и сеопфатноста на осум клучни буџетски документи со употреба на 109 еднакво пондерирани индикатори и ја оценува секоја земја на скала од 0 до 100. Резултатот за транспарентност од 61

или погоре укажува дека една земја веројатно објавува доволно материјал за поддршка на информирана јавна расправа за Буџетот.

Северна Македонија има резултат на транспарентност од **36** (од 100).

## Транспарентноста на Северна Македонија споредена со другите земји

**Ранг на Северна Македонија: 80 од 120 земји**






# Како се менуваше транспарентноста на Северна Македонија со текот на времето?




# Јавна достапност на буџетските документи во Северна Македонија

**KEY**

- 🟢 Јавно достапен
- 🟡 Објавен доцна, или не е јавно достапен или е изготвен за интерна употреба
- 🚫 Не е изготвен

| **Документ** | 2010 | 2012 | 2015 | 2017 | 2019 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предбуџетска изјава | 🚫 | 🚫 | 🚫 | 🟡 | 🟢 | 🟡 |
| Предлог буџет | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Усвоен буџет | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Граѓански буџет | 🚫 | 🚫 | 🚫 | 🚫 | 🟢 | 🟢 |
| Месечни извештаи | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Полугодишен извештај | 🟢 | 🚫 | 🟡 | 🚫 | 🚫 | 🚫 |
| Завршна сметка | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Ревизорски извештај | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |

# Колку е целосна содржината на клучните буџетски документи кои се објавуваат во Северна Македонија?

**KEY**

- 61-100 / 100
- 41-60 / 100
- 1-40 / 100

| Клучни буџетски документи | Цел и содржина на документот | Фискална година која се оценува | Резултат за содржина на документ |
|---|---|---|---|
| Пред-буџетска изјава | Ги обелоденува широките параметри на фискалната политика пред Предлог буџетот; дава преглед на економската прогноза на Владата, предвидените приходи, расходи и долгови. | 2021 | За внатрешни потреби |
| Предлог буџет | Доставено од извршната власт до законодавниот дом за одобрување; детално ги прикажува изворите на приход, алокацијата за министерствата, предложените измени на политиките и други информации важни за подобро разбирање на фискалната состојба на земјата. | 2021 | 33 |
| Усвоен буџет | Буџетот одобрен од законодавниот дом. | 2021 | 89 |
| Граѓански буџет | Поедноставена и помалку техничка верзија на Предлог буџетот или Усвоениот буџет, дизајниран да ги пренесе клучните информации до јавноста. | 2021 | 25 |
| Месечни извештаи | Вклучува информации за собраните приходи, реалните расходи и направениот долг во различни интервали; се издаваат квартално или месечно. | 2020 | 44 |
| Полу-годишен извештај | Сеопфатно ажурирање за спроведувањето на Буџетот заклучно со средината на фискалната година; вклучува преглед на економски претпоставки и ажурирана прогноза на исходите од Буџетот. | 2020 | Не е изготвен |
| Завршна сметка | Ја опишува состојбата со сметките на Владата на крајот на фискалната година и, идеално, проценка на напредокот во постигнувањето на целите на буџетската политика. | 2019 | 50 |
| Ревизорски извештај | Издаден од врховната ревизорска институција, овој документ ја испитува здравоста и комплетноста на Завршната сметка. | 2019 | 62 |

Резултатот за транспарентност на Северна Македонија од **36** во OBS 2021 е близу до резултат во 2019 година.

# Што се смени во **OBS 2021?**

Северна Македонија ја намали достапноста на буџетските информации преку:

- Навремено необјавување на Пред-буџетската изјава.

# Препораки

Северна Македонија треба да даде приоритет на следниве активности за подобрување на буџетската транспарентност:

- Навремено подготвување и објавување на Пред-буџетска изјава.
- Навремено подготвување и објавување на Полугодишниот извештај.
- Вклучување на дополнителни информации за полити, криезултати и финансиска позиција на владата во Предлог буџетот.
- Во завршната сметка вклучување на споредба за планираното и реализираното задолжување, за планираните и реализираните нефинансиски резултати и за планираните и реализираните макроекономски показатели.
- Поробрување на сеопфатноста на месечните извештаи преку обезбедување на информации и за програмските реализации на приходите и расходите со споредба со предлог буџетот или со споредба на реализацијата со истиот период од минатата година и со прикажување на податоци за композицијата на задолжувањето.
- Проширување на партиципативноста при изработка на Граѓанскиот буџет-ГБ со идентификување на барањата на јавноста за буџетски информации пред објавување на предлог буџетот, објавување на контакт информации, објавување на ГБ преку повеќе канали (социјални медиуми, ТВ или радио програми), подготовка и објавување на ГБ и за усвоениот буџет, извршувањето и за завршната сметка.

# Учество на јавноста

OBS, исто така, ги проценува формалните можности понудени на јавноста за значајно учество во различни фази на буџетскиот процес. Ги испитува практиките на извршната власт, законодавниот дом и врховната институција за ревизија (ДЗР) со употреба на 18 еднакви пондерирани индикатори, усогласени со Глобалната иницијатива за Принципите на фискална транспарентност на учество на јавноста во фискалните политики и ја оценува секоја земја на скала од 0 до 100. https://fiscaltransparency.net/public-participation-principles-and-guide/

Северна Македонија има оценка **6** (од 100) за учество на јавноста.

## Учеството на јавноста во Северна Македонија во споредба со другите земји




За повеќе информации, за иновативни практики на учество на јавноста ширум светот погледнете овде: https://fiscaltransparency.net/casestudies/

# Опсег на можности за учество на јавноста во буџетски процес

| 0 /100 | 0 /100 | 0 /100 | 33 /100 |
|---|---|---|---|
| Формулирање (извршна власт) | Усвојување (законодавна власт) | Извршување (извршна власт) | Ревизија (врховна ревизорска институција) |

**KEY** 0-40: Few 41-60: Limited 61-100: Adequate

## Препораки

За понатамошно зајакнување на учеството на јавноста во буџетскиот процес, Министерството за финансии на Република Северна Македонија треба да даде приоритет на следниве активности:

- Пилот механизми за вклучување на јавноста за време на формулирањето на Буџетот и следење на спроведувањето на Буџетот.
- Активно вклучување на ранливите и недоволно застапените групи, директно или преку граѓанските организации што ги претставуваат.

Собранието на Република Северна Македонија треба да даде приоритет на следниве активности:

- Овозможување на членовите на јавните институци или граѓанските организации да сведочат за време на неговите расправи за Предлогот буџетот пред неговото одобрување.
- Овозможување на членовите на јавните институции или граѓанските организации да сведочат за време на расправите по Ревизорскиот извештај.

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија Има воспоставено механизми за јавноста да може да учествува во подготовката на годишната програма.

- Би можело да се воспостават и формални механизми за јавноста да придонесе за релевантни ревизорски истраги.

# Надзор на Буџетот

OBS исто така ја испитува улогата која законодавството и врховните институции за ревизија (ДЗР) ја имаат во буџетскиот процес и степенот до кој тие обезбедуваат надзор; секоја земја се оценува на скала од 0 до 100 врз основа на 18 еднакво пондерирани индикатори. Покрај тоа, истражувањето собира дополнителни информации за независни фискални институции (види во прозорецот подолу).

Законодавната власт и врховната ревизорска институциејвае рнвоа С Македонија, заедно, обезбедуваат ограничен надзор за време на буџетскиот процес, со средна оцена на надзорот -54 (од 100). Разгледувано индивидуално, обемот на надзорот на секоја институција е прикажан подолу:

### Надзор на законодавната власт




### Надзор на ревизорската институција




**KEY** 0-40: Few 41-60: Limited 61-100: Adequate

# Препораки

Собранието обезбедува ограничен надзор во текот на фазата на планирање на буџетскиот циклус и слаб надзор во текот на фазата на спроведување. За подобрување на надзорот, треба да се даде приоритет на следниве активности:

- Законодавството треба да расправа за буџетска политика пред да се достави Предлог буџетот и да одобри препораки за претстојниот буџет.
- Предлогот Буџетот треба да се достави до законодавецот најмалку два месеци пред почетокот на буџетската година.

International Budget Partnership

- Комисијата за буџет треба да го испитува спроведувањето на буџетот во текот на годината и јавно да ги објавуваат извештаи со нивните наоди.
- Во пракса, да се обезбеди осигурување дека законодавниот дом е консултиран пред извршната власт да потроши било какви неочекувани приходи.
- Законодавна комисија треба да го испита Извештајот за ревизија и јавно да објави извештај со своите наоди.

За зајакнување на независноста и подобрување на надзорот од страна на Државниот завод за ревизија, се препорачуваат следниве активности:

- Ревизорските процеси да бидат разгледани од независна агенција.

## Новите практики за воспоставување независни фискални институции

Новите практики за воспоставување независни фискални институции Македонија нема независна фискална институција. Таков тип на институции се повеќе се препознаваат како вредни независни и непартиски даватели на информации до извршната и законодавната власт за време на буџетскиот процес.

**Овие индикатори *не* се оценуваат во Анкетата за отворен буџет*

# Методологија

• Само објавените документи, настани и активности кои се објавени и одржани до 31 декември 2020 година се оценувани во OBS 2021.
• Истражувањето се заснова на прашалник пополнет во секоја земја од независен експерт за буџет:


Марјан Николов
Центар за економски анализи (ЦЕА)
Бул. Јане Сандански 63/3 1000 Скопје, Северна Македонија
makmar2000@yahoo.com


• За понатамошно зајакнување на квалитетот на истражувањето, нацрт-прашалникот на секоја земја се разгледува и од анонимен независен експерт, а во Северна Македонија и од претставник на Министерството за финансии.